***Автори:*** *Емина Нурединоска, Симона Огненовска*
***Дата:*** *2017*
***ISBN:*** *978-608-4681-99-1*
***PDF:*** preporaki-za-model-za-reformiranje-na-drzavnoto-finansiranje-za-gragjanskite-organizaci i-na-centralno-nivo.pdf



Овој предлог-модел на државно финансирање на граѓанските организации се заснова на наодите од Националната анализа на тековниот систем и на најдобрите европски и регионални законски решенија и практики кои беа опфатени во Споредбената анализа на системите за државно финансирање.

Целта на публикацијата е да придонесе кон **одржливоста на граѓанските организации** преку транспарентно, отчетно и ефективно државно финансирање. Унапредувањето на моделот на државно финансирање на граѓанските организации ќе придонесе кон зајакнување на граѓанските организации, а истовремено и кон реализација на политиките на државата во насока на остварување на правата и потребите на граѓаните.

Предлог-моделот нуди решенија за унапредување на целокупниот модел, почнувајќи од **причините**, **принципите** и **целите** за поддршка на државата на граѓанските организации, **изворите, начините и институциите** за распределба на средствата, како и **потребите за регулирање и стандардизирање на постапката** на доделување на средствата што ќе ја поддржи разновидноста на граѓанскиот сектор, а притоа ќе биде транспарентна и отчетна за трошењето на јавни пари.

Покрај клучните предизвици, овој документ е поделен во **осум дела**, и тоа:

- фактори (надворешни и внатрешни),
- цели на моделот,
- институции,
- начини на доделување средства,
- правна основа,
- извори и висина на поддршката,
- начела и вклученост на граѓанските организации.

Во секое од поглавјата дадени се препораки врз основа на најдобрите практики и реалните можности на постоечкиот систем за унапредување на системот на државно финансирање за граѓанските организации во Македонија.

Подготовката на предлог моделот беше во рамки на проектот „**Кон реформирано државно финансирање**“, кој МЦМС го спроведуваше заедно со ЦНВОС од Словенија. Проектот беше финансиски поддржан од Европската Унија.